**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20 ___ год.
Потпис,

**Број: 11-** 5972/1
**26.03.2020 година**
**Скопје**

**Numër: 11-** 5972/1
**26.03.2020**
**Shkup**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
СКОПЈЕ
Примено: 02-04-2020

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 18 | 10057/20-1 | | |


**До**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Предмет:** Известување

**Почитувани,**

Ви се обраќаме со овој допис во врска со ново настанатата ситуација, односно пандемијата од корона вирусот КОВИД-19, и осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗОРСМ) кои се наоѓаат затекнати во странска држава и кои имаат или ќе имаат потреба од здравствени услуги.

Република Македонија има склучено (преземено) Договори за социјално осигурување со повеќе држави во Европа и надвор од Европа, а ФЗОРСМ е надлежен за спроведување на одредбите од здравственото осигурување.

Билатерални договори за социјално осигурување во кои се опфатени одредби за здравствено осигурување, и на основ на кои Билатерални договори осигурените лица на ФЗОРСМ можат да користат бесплатни итни и неопходни здравствени услуги се договорите со следните држави : Австрија, Албанија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Италија, Луксембург, Словенија, Словачка, Србија, Турција, Франција,

**Deri te:**

**MINISTRIA E PUNËVE TË JASHTME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Lënda:** Njoftim

Të nderuar,

Ju drejtohemi me këtë shkresë lidhur me situatën e shfaqur së fundmi, përkatësisht pandeminë e korona virusit COVID-19 dhe personat e siguruar të Fondit të Sigurimit Shëndetësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut (FSSHRMV) të cilët ndodhen jashtë vendit dhe të cilët kanë ose do të kenë nevojë për shërbime shëndetësore.

Republika e Maqedonisë ka lidhur (marrë përsipër) Marrëveshje të Sigurimit Shoqëror me shumë vende të Evropës dhe jashtë saj, ndërsa FSSHRMV është përgjegjës për zbatimin e dispozitave të sigurimit shëndetësor.

Marrëveshjet bilaterale të sigurimt shoqëror në të cilët përfshihen dispozitat e sigurimit shëndetësor, dhe në bazën e Marrëveshjeve Bilaterale në të cilën të siguruarit e FSSHRMV-së mund të shfrytëzojnë shërbime falas, urgjente dhe të domosdoshme janë marrëveshjet me vendet e mëposhtme: Austri, Shqipëri, Belgjikë, Bosnjë dhe Hercegovinë, Bullgari, Gjermani, Itali, Luksemburg, Slloveni, Sllovaki, Serbi, Turqi,

Холандија, Хрватска, Црна Гора, Чешка и Обединетото Кралство.
Со сите наведени држави, освен со Обединетото Кралство, можноста за користење на итни и неопходни здравствени услуги, се остварува на основ на договорени двојазични обрасци. Со Обединетото Кралство таа можност се остварува само со доказ дека лицето е осигуреник на ФЗОРСМ.

Francë, Hollandë, Kroaci, Mal të Zi, Republika Çeke dhe Mbretëria e Bashkuar.

Me të gjitha vendet e lartpërmendura, përveç Mbretërisë së Bashkuar, mundësia për shfrytëzimin e shërbimeve urgjente e të domosdoshme shëndetësore bëhet në bazë të formulareve të dakorduar dygjuhësh. Me Mbretërinë e Bashkuar, kjo mundësi realizohet vetëm me provë se personi është i siguruar i FSSHRMV-së.

Осигурените лица на ФЗОРСМ договорениот двојазичен образец, на основ на кој можат да користат итни и неопходни здравствени услуги, вообичаено го земаат пред патувањето во една од горе наведените држави. Но во случај да не го обезбедиле двојазичниот образец пред патувањето во странската држава, а осигурено лице на ФЗОРСМ има потреба од итни и неопходни здравствени услуги во странската држава, постои можност за дополнително издавање на истиот и тоа по службена должност.

Personat e siguruar të FSSHRMV-së formularin e dakorduar dygjuhësh, mbi bazën e së cilës mund të përdorin shërbime urgjente dhe të domosdoshme shëndetësore, zakonisht e marrin para udhëtimit në një nga vendet e mësipërme. Por, nëse ata nuk e kanë siguruar formularin dygjuhësh përpara udhëtimit në vendin e huaj, ndërsa personi i siguruar i FSSHRMV-së ka nevojë për shërbime urgjente dhe të domosdoshme shëndetësore në vendin e huaj, ekziston mundësia e lëshimit të formularit shtesë si obligim zyrtar.

Во тој случај странска здравствена каса/странска подрачна служба/странски Фонд за здравствено осигурување, се обраќа ФЗОРСМ со барање за дополнителни издавање на потребниот двојазичен образец (што значи дека ФЗОРСМ ќе плати за искористените итни и неопходни здравствени услуги) и со приложување на соодветна медицинска документација.

Në këtë rast, sigurimi shëndetësor i huaj/ njësia e huaj rajonale/ fondi i huaj i sigurimit shëndetësor i drejtohet FSSHRMV-së me kërkesë për lëshimin e formularit shtesë dygjuhësh (që do të thotë FSSHRMV do të paguajë për shërbimet e shfrytëzuara urgjente dhe të domosdoshme shëndetësore) dhe me bashkangjitjen e dokumentacionit të duhur mjekësor.

За претходно наведеното сакаме да Ве известиме со оглед дека во овој период до ФЗОРСМ има многу обраќања од страна на осигурени лица на ФЗОРСМ затекнати во странска држава со вакви прашања и барање за постапување во случај да имаат потреба од

Për më tepër, dëshirojmë t'ju informojmë, se duke marrë parasysh që gjatë kësaj periudhe deri te FSSHRMV janë adresuar shumë persona të siguruar të FSSHRMV-së që ndodhen në vende të huaja me pyetje të tilla dhe kërkesa për mjekim në

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

итни и неопходни здравствени услуги. Воедно Ве замолуваме дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија но странските држави да ги известите за истото.

**Со почит,**

rast të paraqitjes së nevojës për shërbime shëndetësore urgjente dhe të domosdoshme. Lusim që për këtë t'i informoni zyrat përfaqësuese diplomatike – konsullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut në vendet e huaja.

Me respekt,

**Изготвил/Përpiloi**: Дијана Василеска
**Одобрил/Miratoi**: m-r Vullnet Murseli

**Превел/Përktheu**: Ильира Идризи/ Ilira Idrizi

**Директор,**
**Данаил Дончев**

**Директор/Drejtor**
**Orhan Ramadani**